Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 25 декември 2020 година

Скопје, декември 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Триесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 декември 2020 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 20:30 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Мила Царовска, министер за образование и наука, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*
*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информација со предлог за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, со Писмо на понуда и прифаќање на понудата

2. Информација за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

5. Предлог на закон за Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година, по скратена постапка

6. Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање, по скратена постапка

7. Предлог-одлука за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година на Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија

*
*     *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата со предлог за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави, со Писмото на понуда и прифаќање на понудата и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Писмото на понуда и прифаќање на понудата (Letter of Offer and Acceptance-LOA) FMS Case MK-B-UCC (A1) од 21 декември 2020 година.

2. Го овласти Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана во име на Владата на Република Северна Македонија, по информирањето на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија, да го потпише амандманот/анексот MK-B-UCC (A1) од 21 декември 2020 година на Договорот за набавка на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави со што ќе се смета дека меѓувладиниот договор за амандман/анекс на Договорот за набавка на лесни оклопни возила е доделен и склучен.

3. Се задолжува Министерството за одбрана веднаш по потпишувањето на амандманот/анексот на Договорот, да изврши уплата на договорените финансиски средства од Буџетот на Министерството за одбрана за 2020 година во висина од 762.000.000 денари до Владата на Соединетите Американски Држави.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од информирање на Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Министерството за одбрана да ја информира Комисијата за одбрана и безбедност на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на набавката на лесни оклопни возила на тркала за потребите на Армијата на Република Северна Македонија со склучување на амандман/анекс на Договорот меѓу Владата на Република Северна Македонија со Владата на Соединетите Американски Држави.

## Точка 3

По оваа точка немаше предлози.

## Точка 4

**1.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлогот на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2020 година*, што е доставен до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо под број 45-1860/1 од 28 мај 2019 година.

**2.** Владата го одложи разгледувањето на Барањето од Главниот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ 1941-1945 и граѓаните продолжувачи за обезбедување и доделување на опремени простории и опрема за комуникација и работа во централниот дел на Скопје а со лесен пристап за ангажираните и членството од градот и Републиката за наредната седница на Владата.

**3.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за корона-вирусот COVID-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 16 декември 2020 до 22 декември 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**4.** Владата го разгледа Известувањето од Министерството за економија во врска со Прегледот со приоритетни предлог – закони кои Владата на Република Северна Македонија треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година и заклучи:

- да се измени Прегледот на предлог - закони кои министерствата планираат да ги доставаат во владина постапка на разгледување во наредниот период, предлог - закони кои се усогласуваат со други одредби од материјални закони и приоритетни и предлог-закони кои Владата на Република Северна Македонија треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година, усвоен на седницата на Владата, одржана на 29 септември 2020 година и поднесен до Собранието на Република Северна Македонија, под бр.44-9053/1 и Дополнетиот предлог усвоен на седницата на Владата, одржана на 4 октомври 2020 година и поднесен до Собранието на Република Северна Македонија, под бр. 44-9053/2 и тоа за Предлогот на закон за заштита на потрошувачите и Предлогот на закон за технички барања и оцена на сообразноста на производите, да се пролонгира рокот за доставување до Владата наместо до крајот на 2020 година да биде во 2021 година, согласно Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година.

**Точка 5**

Владата го разгледа Предлогот на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година*, го утврди како Предлог на закон за попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 година кој се донесува по скратена постапка* и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереници, Апостол Симовски, директор на Државниот завод за статистика и Иљми Селами, заменик на директорот на Државниот завод за статистика.

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за Агенцијата за разузнавање, го утврди како Предлог на закон за Агенцијата за разузнавање кој се донесува по скратена постапка и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда, а за повереник Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 7**

Владата ја симна од Дневен ред Предлог-одлуката за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година на Сојузот на борците од Народноослободителната и Антифашистичката војна на Македонија.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:00 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |